„КОПАЧИТЕ“ И „ПРИСПИВНА“ ОД СТЕФАН ГАЈДОВ

м-р Ленче Насев
м-р Гоце Гавриловски

Во овој труд ќе се обидеме да расветлиме дел од елементите на уметничкиот и композиторско техничкиот израз на македонскиот композитор Стефан Гајдов преку анализа на хорските дела „Копачите“ и „Приспивна“. Со примена на конвенционална музичка анализа ќе го прикажеме начинот на организација на музичкиот материјал во двете композиции кои претставуваат индивидуална креација произлезена од композиторската интуиција и објективизација на творечкиот чин.

Клучни зборови: Гајдов, хорски дела, анализа

„КОПАЧИТЕ“ И „ПРИСПИВНА“ ОД СТЕФАН ГАЈДОВ

м-р Ленче Насев
м-р Гоце Гавриловски

2012 е година во која се бележат 107 години од раѓањето и 20 години од смртта на македонскиот композитор, хорски диригент и музички педагог Стефан Гајдов (Велес, 1905 - Скопје, 1992).

Во опусот на Стефан Гајдов најзначајно место завзема вокалниот жанр. Гајдов пишувал дела за хор меѓу кои најбројни се композициите наменети за мешан хорски состав. Во нив може да се следи еволуцијата од раните („Ајде слушај Анѓо“, 1927. г.), па се до зрелите композиторски обиди („Се колнеме“, 1986. г.). Во рамките на опусот на дела за мешан хор несомнено значајно место завземаат двете композиции ***„Копачите“*** и ***„Приспивна“.***